ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:31-95/3**

**Дата:07.02.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА АРАЧИНОВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Арачиново за 2010 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Арачиново за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е негативно мислење.

Општина Арачиново се одликува со неповолна структура на трошоците. Близу половината од вкупниот буџет во 2010 година (43%) е потрошен за плати, надоместоци на советниците, договори за дело и привремени вработувања, додека за капитални вложувања се платени вкупно 2,671 илјада денари, или, 18% од буџетот. Од нив 1,544 илјади денари се плаќања за извршени работи во 2008 година. Останатите 33% се трошоци за тековно работење
Во Општина Арачиново не е воспоставен систем на интерни контроли, како систем на финансиски и други контроли, што го зголемува ризикот од незаконско и ненаменско трошење на буџетските средства.
Не е извршена проценка и евидентирање на имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 2000 година.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________ ______________________

*2.* ______________________________

Не се регулирани односите со јавното претпријатие, односно не постои соработка помеѓу општината и јавното претпријатие.
Општината во текот на 2010 година нема спроведено постапки за јавни набавки за стоки, услуги и работи во вредност од 1.980 илјади денари, односно, за 57% од плаќањата во 2010 година кои подлежат на Законот за јавни набавки.
За надминување на утврдените неправилности дадени се повеќе препораки, во однос на спроведувањето на постапките за јавни набавки и почитување на законската регулатива.
Од страна на градоначалникот добиени се забелешки на констатаициите од Нацрт извештајот кои делумно се прифатени.

## 1.Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Арачиново, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија и не е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Арачиново за годините кои и претходат на годината предмет на оваа ревизија .

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Бастри Бајрами - Градоначалник на Општина Арачиново во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални

аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Арачиново се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

**2.Цели и делокруг на ревизијата**

2.1. Цел на ревизијата на:

–финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

–усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како

релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 26.10 до 11.11.2011 кај Општина Арачиново од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на 18.11.2011 година.
На ден 16.01.2011 година, добиени се забелешки под број 08-13 од 16.01.2012 година по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 31-95/1, од Градоначалникот на Општина Арачиново.
Забелешките се однесуваат на констатациите од точка 3.3.4. и истите делумно се прифаќаат, од причина што со забелешките се доставени дополнителни документи кои за време на ревизијата не беа презентирани.
Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Интерни контроли

#### 3.1.1. Процес на плаќање

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање. Не е уредено движењето на документацијата, односно не се утврдени одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите. Не се воспоставени процедури за целосно, точно, прецизно и ажурно сметководство на сите трансакции, како и за

документирање на сите трансакции поврзани со активностите на субјектот. Не постои разграничување на надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација во однос на контролите во процесот на плаќање.
Во Општина Арачиново нема одговорен сметководител, што не е во согласност со членот 36 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.
Невоспоставените контроли во работењето не се во согласност со членот 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, што создава ризик од нетранспарентно, нерегуларно, некономично и неефикасно користење на расположливите средства.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Арачиново да обезбеди:
- воспоставување на процедури за целосно, точно, прецизно и ажурно сметководство на сите трансакции, како и документирање на сите трансакции поврзани со активностите на субјектот,
- разграничување на надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација во однос на контролите во процесот на плаќање и
- одредување на одговорен сметководител

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. Сите неплатени фактури на Општина Арачиново се евидентираат како обврска на крајот на годината. Неевидентирањето на сметководствените документи во моментот на приемот не е во согласност со одредбите од член 7 на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, каде е уредено дека сите податоци регистрирани во деловните книги мораат да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурни и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување. Ваквото постапување се објаснува со фактот дека сите фактури веднаш се плаќаат, меѓутоа, носи ризик од губење од евиденција на одредени обврски.

**Препорака:**
Евидентирањето на фактурите во сметководствената евиденција да се врши во моментот на нивно добивање во Општината.

3.2.2. Во текот на 2010 година од сметката Тековни резерви се исплатени 512 илјади денари за отстранување на шут и отпад, надомест на штета на физичко лице, помош на физички лица за печатење книги и печатење на билтен.
Средствата се исплатени врз основа на решенија на градоначалникот.

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Арачиново е уредено дека за средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите одлучува советот на Општината, а ги извршува градоначалникот. Во сите случаи средства од резервите се исплатени со решение на градоначалникот, а не на советот на Општината. Законот дава можност, по исклучок, за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50 илјади денари да одлучува градоначалникот. Во три случаи е надминат износот до кој може да одлучува градоначалникот.

Средствата на резервите во износ од 392 илјади денари не се исплатени во согласност со намените утврдени во законската регулатива. Одобрените средства во тековната резерва, согласно член 11 од Законот за буџетите се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни.

За активностите и настаните за кои се исплатени средства во текот на 2010 година, Општината треба да планира средства во Буџетот на соодветни позиции согласно класификацијата на расходите.

Плаќање средства од резервите за намени кои треба однапред да се планираат во Буџетот, односно да се платат од соодветна расходна позиција, создава можност за незаконско и ненаменско користење на средствата, субјективност во одлучувањето и нетранспарентност на постапките.

Градоначалникот нема поднесено на советот на Општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите, што не е во согласност со членот 31, став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**Препорака:**

Одобрените средства во тековната резерва да се исплаќаат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни. За активностите и настаните кои се повторуваат повеќе години, Општината треба да планира средства во Буџетот, врз основа на изготвени буџетски програми во соодветните сфери.

За користење на средствата од тековната резерва да одлучува советот на Општината. За користење на законската можност градоначалникот да одлучува за користење на средствата од резервите до износ најмногу до 50 илјади денари да се предвиди одредба во Одлуката за извршување на Буџетот на Општината.

Градоначалникот на Општината кој е одговорен за извршување на буџетот да поднесе извештај за користење на средствата на резервите во текот на фискалната година во рамките на годишниот извештај.

3.2.3. На ЈКП „Арачиново" во текот на 2010 година се исплатени средства во износ од 123 илјади денари за зимско одржување. Договорот со јавното претпријатие од декември 2008 година е без утврдена вредност и други услови, а во доставените фактури нема утврдено цена и количина за која се врши плаќањето, ниту потврда за обемот на извршената работа.
Односите помеѓу јавното претпријатије и општина Арачиново за утврдување на обврските, правата и одговорностите помеѓу двете страни од аспект на обемот на работа и цената на услугата за извршената работа не се регулирани, односно не е воспоставена никаква соработка помеѓу Општината и јавното претпријатие.
Нерегулираните односи помеѓу Општината и јавното претпријатие можат да влијаат на реалноста на направените трошоци.

**Препорака:**
Да се регулираат односите со јавното претпријатие во однос на обемот на услугите и цените.
Да се изготват пишани процедури во однос на контролата и потврдата на обемот на извршените работи од страна на ЈКП „Арачиново".

3.2.4. За набавка на гориво за моторни возила во 2010 година се платени 437 илјади денари. Општината располага со едно службено возило. Од увидот во сметките и фактурите за гориво е утврдено дека се плаќаат трошоци за гориво и за други возила, со регистарски таблички кои не припаѓаат на Општината или пак, на сметката за гориво нема наведено број на регистарска табличка. Едно од возилата за кои се плаќани сметки за гориво е на приватна фирма која со договор на Општина Арачиново и има дадено на користење возило. Договорот е раскинат во 2011 година.
За користење на возилата не се изготвуваат налози, односно нема воспоставено контрола на користењето на горивото.
Ваквиот начин на работа, без воспоставена контрола на користењето на горивото за возила, создава можност од ненаменско користење на средствата на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да воспостави целосна контрола на трошокот за гориво.

3.2.5. Од увидот во списоците на членовите на Советот на кои им е исплатувано месечен надоместок е утврдено дека со двајца од нив од почетокот на 2010 година, па заклучно со август 2010 година се склучени договори за дело, а до крај на година лицата се ангажирани преку Агенција за привремени вработувања. Ова не е во

согласност со членот 44, точка 3 од Законот за локална самоуправа со кој е уредено дека членот на Советот, не може да биде вработен во општинската администрација на општината во која е избран. За оваа намена од Буџетот на Општината се исплатени средства во износ од 254 илјади денари. Со ваквото постапување се создава ризик од конфликт на интереси на членовите на Советот и незаконска исплата на средствата од буџетот на општината.

**Препорака:**
Членовите на Советот кои се ангажирани во Општина Арачиново или да дадат оставка на функцијата член на Советот или да им престане ангажирањето преку Агенцијата за времено вработување.

3.2.6. Општина Арачиново во текот на 2010 година, во првите осум месеци има склучено договори на дело со 6-7 лица ангажирани за вршење работи и работни задачи од кои дел се предвидени со Правилникот за систематизација на работите и задачите во Општина Арачиново.
Повеќе месечно континуирано ангажирање на лица со договор на дело за исти работни задачи не е во согласност со одредбите од членот 619 од Законот за облигациони односи кој предвидува ангажирање на лица по основ на договор на дело за вршење на одредена работа, еднократно. По овој основ исплатени се 729 илјади денари, без критериуми за ангажирање на лицата и за утврдување на месечниот надомест. Пресметан и платен е персонален данок во износ од 83 илјади денари.
Ангажирањето на лица по основ на договор на дело ја намалува транспарентноста и конкуренцијата при вработувањето, овозможува ангажирање на лица без почитување на законски утврдените процедури и го зголемува ризикот од субјективност при приемот.
Во последниот квартал на 2010 година, ангажирањето на поголем дел од овие лица продолжува преку Агенција за привремени вработувања, така што во последните четири месеци на овој начин се ангажирани уште две лица.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината ангажирањето на лица за вршење на работи и работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места да го врши согласно Законот за државни службеници и Законот за работни односи, преку спроведување на постапка за вработување, а за работите кои не се предвидени со Правилникот преку спроведување постапка за јавна набавка.

## 3.3. Финансиски извештаи

3.3.1. Пописот на средствата, обврските и побарувањата во Општина Арачиново не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници:

- не е извршено усогласување на крајот на годината на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот (инвентарисување), согласно член 29 од Правилникот. Извршен е физички попис на материјалните средства на крајот на 2010 година. Во пописните листи е искажана бројната состојба на опремата по видови, заедно со нивната сметководствена вредност, при што не се утврдени кусоци или вишоци. Збир е даден само за набавната вредност, нема збир на исправката и сегашната вредност. Набавната вредност во пописните листи се разликува од состојбата во сметководствената евиденција.
- во пописни листи се внесени и средства/опрема кои се добиени како донации во изминатите години, без вредност.
- не е извршен попис на обврските во согласност со членот 31-в од Правилникот, односно не е утврдена правната основа за постоење на обврските.
- за набавената опрема нема задолжување на лицата на кои се дадени на користење (реверси), што создава ризик од губење на опремата.

Неспроведување на пописот согласно законската регулатива оневозможува потврда на фактичката состојба на имотот, побарувањата и обврските, усогласување со сметководствената евиденција, ризик од губење на средствата и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

**Препорака:**
Пописот на средствата и изворите на средствата, во целост да се врши согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Опремата добиена како донација во изминатите години да се процени и да се евидентира во сметководствената евиденција.
Градоначалникот на Општината да овласти лице кое ќе врши квантитативен и квалитативен прием на набавената опрема, а за опремата што се дава на користење лицата да се задолжуваат со реверси.
3.3.2. Општина Арачиново нема изградено сметководствена политика за евидентирање на материјалните средства во подготовка, како и на капиталните објекти во чија изградба и реконструкција Општината вложува средства, што не е во согласност со одредбите од член 4 од Законот за сметководство на буџетите и

буџетските корисници. Ваквото постапување има влијание на реалноста на финансискиот извештај Биланс на состојбата.

**Препорака:**
Да се воспостави сметководствена политика согласно која капиталните вложувања се до нивното ефектуирање да се евидентираат како материјални средства во подготовка, а по завршувањето и ставањето во употреба како градежни објекти.

3.3.3. Не е извршена проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 2000 година, што не е во согласност со одредбите на членот 64 од Законот за локална самоуправа.
Постапката за воведување на двата добиени објекти во јавната книга на Агенцијата за катастар на недвижности не е започната, што значи не е обезбедено запишување на правото на сопственост на име на Општината и не е извршена проценка на вредноста на објектите.
Ова создава ризик од губење на сопственоста, а со стапувањето во сила на Законот за проценка во 2012 година и до зголемени трошоци за проценка на имотот и негово легализирање.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности за добивање имотни листови за објектите за кои не е започната постапка, вреднување и евидентирање на преостанатиот имот.

3.3.4. За изработка и фарбање на 50 клупи за потребите на Општина Арачиново се платени 236 иљади денари. Клупите не се воведени во сметководствената евиденција на Општината. На овој начин во билансот на состојбата се помалку искажани средства во износ од 236 иљади денари.

**Препорака:**
Набавената опрема да се воведе во сметководствената евиденција.

**3.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

3.4.1. Општина Арачиново нема донесено план за вкупните потреби за набавки за 2010 година по видови на стоки, услуги и работи врз основа на утврдените извори за финансирање, со кој го определува очекуваниот почеток на постапката,

проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот, што не е во согласност со членот 26 од Законот за јавни набавки. На овој начин се зголемува ризикот од вршење набавки без претходно планирање на реалните потреби на Општината и утврдување на износот на средства потребни за набавката.

3.4.2. Не се спроведени постапки за јавни набавки за стоки, услуги и работи во вредност од 1.980 илјади денари, односно, за 57% од плаќањата во 2010 година кои подлежат на Законот за јавни набавки. За сите овие набавки Општината требало да спроведе постапки во согласност со членот 100 од Законот за јавни набавки (Прилог3).
Неспроведувањето на постапки за јавни набавки значи нарушена конкуренција меѓу економските оператори, нееднаков третман и дискриминација на економските оператори, намалена транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

3.4.3. Во 2010 година се извршени плаќања во износ од 1,544 илјади денари за извршени работи – изградба на улици во Арачиново по јавна набавка и договор склучен во 2008 година. Со увидот во документацијата за спроведената постапка, склучениот договор и неговата реализација е утврдено дека:

- Во Одлуката за јавна набавка не е утврден износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, што не е во согласност со членот 28 од Законот за јавни набавки.
- Изборот на најповолен понудувач е извршен врз основа на економски најповолна понуда. Во вреднувањето на критериумите одлучувачко влијание врз изборот има понудениот рок на изведба од осум дена, наспроти рокот на другиот понудувач од 60 дена.
- Во договорот склучен помеѓу Општината и економскиот оператор на вредност од 6,188 илјади денари, рокот на изведба е променет и утврден на 30 дена, што не е во согласност со членот 165 од Законот за јавни набавки, каде е уредено дека договорниот орган го склучува договорот за јавна набавка со понудувачот чија понуда е избрана за најповолна врз основа на техничката и на финансиската понуда. Во овој случај се работи за измена на еден од елементите во понудата и го става избраниот понудувач во повластена положба во однос на другите понудувачи.
- Во текот на реализацијата на договорот доаѓа до одредени промени на договорените услови. Во завршната ситуација пресметано е зголемување на цената на одделни позиции за 21% или вкупно за 807 илјади денари и

истовремено се ситуирани 102 илјади денари за тешки услови за работа што не е предвидено со договорот. Дополнително утврдените трошоци претставуваат значително оптоварување на финансиското работење на Општината.

-Извршените работи наведени во завршната ситуација значително се разликуваат од позициите во премер пресметката, што укажува на неквалитетно изготвена техничка спецификација, а влијае на зголемување на вкупната вредност.

-За извршените дополнителни работи, за кои не е побарана и добиена согласност од инвеститорот, во ноември 2008 година е склучен анекс договор, со кој вредноста е зголемена за 670 илјади денари, а вкупната вредност на договорот достигнува 6,858 илјади денари. За дополнителните работи договорниот орган не спровел постапка со преговарање без претходно објавување на оглас согласно член 99 од Законот за јавни набавки.

3.4.4. Спроведена е постапка за јавна набавка за изградба на пешачка патека (тротоари) на локален пат во Општина Арачиново, со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас. Во Одлуката за спроведување постапка не е утврден износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот. Склучен е договор во вредност од 5,441 илади денари, со што е надмината горната граница за овој вид постапка утврдена во членот 100 од Законот за јавни набавки. Неспроведувањето постапка што одговара на договорената вредност, ја намалува транспарентноста во водењето на постапката бидејќи не е објавен оглас во „Службен весник на Република Македонија”.
Во времената ситуација за извршените работи по овој договор, вклучени се материјали со димензии кои не се во понудата (ивичњаци), а по значително повисока цена од цената на истите материјали, но со други димензии. На овој начин се зголемуваат трошоците во работењето.

3.4.5. За превоз на учениците во училиштата на територијата на Општина Арачиново, Општината има спроведено постапка, при што, за една од релациите како најповолна е избрана понудата на физичко лице кое нема доставено документи за потврда на способноста утврдени во членот 143 од Законот за јавни набавки (лична способност, регистрирано дејност, економска и финансиска способност).
Според добиените објаснувања, што се потврдува и со понудите на економските оператори, цената за таа релација на избраниот понудувач е значително пониска

од цената на другиот понудувач, меѓутоа, на овој начин се воспоставени деловни релации со физичко лице кое не поседува способност и не ги подмирува обврските кон државата.
При спроведувањето на оваа постапка, не е барано економските оператори да поседуваат лиценца за вршење јавен превоз, што претставува ризик во однос на безбедноста на учениците чиј превоз се врши.

3.4.6. Досиеата за спроведените постапки за јавни набавки не се целосни, односно не се во согласност со содржината утврдена во членот 173 од Законот за јавни набавки, што создава потешкотии при оценка на законитоста на спроведената постапка (доказ дека огласот за доделување на договор за јавна набавка е испратен за објавување, тендеска документација, извештај за оценување на способноста на кандидатите, изјави за постоење/непостоење на судир на интереси).

**4. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот со кои е извршено прекнижување од едно на друго конто, без одраз во Билансот на состојбата. На овој начин е извршено усогласување на состојбите на контата во главната книга со состојбите искажани во Билансот на состојбата.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 3.3.1., 3.3.2. и 3.3.3. а кое се однесува на неспроведениот попис во согласност со законската регулатива и неевидентиран дел од имотот, ревизијата не беше во можност да изврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финанските извештаи.

**5. Ревизорско мислење**

**Мислење за финасиските извештаи**

Според наше мислење, поради значајноста на ефектите на прашањата изнесени во точката 3.3, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Арачиново на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значајноста на ефектите на прашањата изнесени во точките 3.2, 3.3 и 3.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Арачиново, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**6. Системски слабости**

Висината на средствата на резервите е различно регулирана во Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа односно во овој дел кај овие два закона постои колизија.
Во Законот за буџетите, во членот 11, став 4 е уредено дека: постојаната и тековната буџетска резерва не можат да надминат 3% од вкупните тековни расходи на основниот буџет, додека во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 31 став 2 е уредено дека постојаната и тековната буџетска резерва не можат да надминат 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината.
Согласно Законот за буџетите, Општина Арачиново потрошила повеќе средства за резерви од дозволената граница за 189 илјади денари, додека согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа трошењето на резервите е во согласност со дозволеното ниво. Ваквото решение создава потешкотии при примената од страна на субјектите.

Скопје, 02.02.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 13.445 | 14.254 |
| **Вкупно приходи** | | **13.445** | **14.254** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 5.235 | 5.115 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 512 | 359 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 5.027 | 3.630 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10.774** | **9.104** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 2.671 | 5.150 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2.671** | **5.150** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **13.445** | **14.254** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | 2010 | 2009 |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 1.876 | 2.809 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1.876** | **2.809** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 175 | 208 |
| **Вкупно постојани средства** | | **175** | **208** |
| **Вкупна актива** | | **2.051** | **3.017** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.585 | 2.513 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 291 | 296 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.876** | **2.809** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на деловни средства | 4.4.1 | 175 | 208 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **175** | **208** |
| **Вкупна пасива** | | **2.051** | **3.017** |

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА
ВО 2010 ГОДИНА

| | **во 000 денари** |
|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** |
| | |
| **Состојба 01.01.2010 година** | **208** |
| | |
| **Зголемување по основ на:** | **303** |
| | |
| Набавки во текот на годината на опрема | 58 |
| Ревалоризација 2010 | 245 |
| | |
| **Намалување по основ на:** | **336** |
| Амортизација, | 102 |
| Ревалоризација на амортизација | 234 |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **175** |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________ ____________________________

*2.* ____________________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 16.01.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 31 | 95/1 | | |

Општина Арачиново
Бр. 08-13 од 16.01.2012 год.
Арачиново

До
Државен Завод за Ревизија
Скопје

Педмет: Забелешка на Нацрт Извештај

Врз основа на Вашиот допис бр. 31-164/6 од 22.12.2011 година, а во врска со Нацрт извештајот за извршенета ревизија, имаме забелешка за следното:

Забелешката се состои во **Сметката за основен Буџет (637)** на Општина Арачиново **точка 3.3.4** каде е констатирано дека се набавени 50 клупи за Основното Училиште.

Напоменуваме дека на завршниот состанок со Градоначалникот на Општината, Ви беше укажано дека клупите не се за училиштето туку за одмор на граѓаните кои ќе бидат поставени на истакнати места (тротоари, центри и слично) низ сите населени места во Општината.

Според тоа клупите ќе бидат евидентирани во сметководствената евиденција на Општината, па поради тоа училиштето нема да се задолжува.

Напред неведеното Ви го доставуваме на Ваша надлежност, за **да извршите корекција** при изготвувањето на конечниот извештај.

Со почит.

Општина Арачиново
Градоначалник
Бастри Бајрами

**Прилог број 2**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На ден 16.01.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Арачиново за сметката на основен буџет (637) од градоначалникот на општината, број 08-13 од 16.01.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 31-95/1.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точка 3.3.4**. која се однесува на набавка и евиденција на  училишни клупи **делумно се прифаќа**, текстот се менува во правец дека се работи за клупи за потребите на Општината а не за училишни клупи, соодветно се променува и препораката. На завршниот разговор со одговорните лица на Општината беше посочено дека клупите се набавени како урбана опрема за потребите на Општината, меѓутоа не беше доставен документ како потврда за тоа. Во договорот склучен со добавувачот кој и беше презентиран на ревизијата е наведено дека предмет на набавка е изработка на 50 клупи за потребите на основното училиште. Во прилог кон забелешките по Нацрт извештајот дополнително се доставени документи (Записник составен на ден 20.01.2012 година од извршен увид на лице место и попис на клупите, наменети за рекреација и одмарање на граѓаните и потврди за примо - предавање на клупи на граѓани на Општината за нивно чување до поставување во употреба – без дата), кои документи имаа влијание на промена на текстот на констатираната состојба.

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ________________________